# „Верувањето има повеќе од седумдесет – или повеќе од шеесет – гранки. Највредната од нив е изјавата: ‚Ла илахе иллаллах – Нема друг вистински бог освен Аллах‘, а најниската е отстранувањето на пречка од патот

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува: Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Верувањето има повеќе од седумдесет – или повеќе од шеесет – гранки. Највредната од нив е изјавата: ‚Ла илахе иллаллах – Нема друг вистински бог освен Аллах‘, а најниската е отстранувањето на пречка од патот. И срамежливоста е еден огранок на верувањето.“
[صحيح] [متفق عليه]

Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, нѐ информира дека верувањето се состои од многу огранoци и делови,кои опфаќаат различни форми на дејствување, убедувања и говор. Највредниот и највозвишениот дел на иманот е да кажеме: „Ла илахе иллаллах“, разбирајќи го значењето и делувајќи според според тоа дека Аллах е Еден и единственото божество кое може/смее да се обожува и ибадетите можеме само заради Него да ги правиме. А најнискиот огранок на иманот е да отстраниме од патот секоја препрека која им пречи на луѓето. И на крајот Пратеникот, алејхи селам, ни кажа дека Срамот е дел од верувањето, а тоа е морално својство кое нѐ поттикнува да правиме убави работи и да ги избегнуваме грдите и неприкладните.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee